Врз основа на член 5 од Законот за Основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен Весник на Република Македонија", број 51/2011, 148/2013, 41/2014, 53/2016 и 11/2018), Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, на седницата одржана на ден 17.01.2019 година, донесе

**Д Е Л О В Н И К**
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

**Член 1**

Во Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, број 0101-827 од 12.05.2014 година и број 0101-2027 од 01.12.2014 година, во членот 12 ставот (2) се менува и гласи:

"Предметот којшто е оформен за работа во зависност од областа на надлежноста на Државната комисија, го задолжуваат државните службеници овластени за контрола на содржината на нацрт-решенијата и другите акти од определена област кои согласно закон можат да произлезат во фазата на решавањето на предметот (во натамошниот текст: овластени државни службеници)."

**Член 2**

Во член 21 алинејата 8 се менува и гласи:

" – назнака "изготвил" со иницијали и потпис на државниот службеник кој го изготвил решението, како и потпис на еден овластен државен службеник кој ја контролирал содржината на решението и ".

**Член 3**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

Број 0101 - 118
17.01.2019 година
С К О П Ј Е